# Статистичко истражување за ловот

## ЗШР_ЛОВ.11_А_МК_2022_1

## Референтни метаподатоци според ESMS 2.0 структура

| | |
|---|---|
| **1** | **Контакт** |
| | |
| **1.1** | **Организација/ институција за контакт** |
| Државен завод за статистика | |
| **1.2** | **Организациска единица за контакт** |
| Одделение за земјоделски статистики | |
| **1.3** | **Лице за контакт** |
| Ленче Петрова | |
| **1.4** | **Звање на лицето за контакт** |
| Советник | |
| **1.5** | **Поштенска адреса** |
| ул. „Даме Груев“ бр. 4, 1000 Скопје, Република Северна  Македонија | |
| **1.6** | **Електронска адреса** |
| lence.petrova@stat.gov.mk | |
| **1.7** | **Телефонски број** |
| 00389 2 3295 645 | |
| **1.8** | **Факс** |
| 00389 2 3111 336 | |
| **2** | **Ажурирање метаподатоци** |
| | |
| **2.1** | **Последна потврда на метаподатоците** |
| 01/06/2023 | |
| **2.2** | **Последна објава на метаподатоците** |
| 01/06/2023 | |
| **2.3** | **Последно ажурирање на метаподатоците** |
| 01/01/2023 | |

## 3 Статистичка презентација

### 3.1 Опис на податоците

- Бројна состојба на дивечот, предвиден отстрелот на дивечот,извршен застрел и внесен и жив дивеч во ловиштето.

-Бројна состојба на дивечот без заштита

-Бројна состојба на дивечот под заштита

-Бројна состојба на дивечот под трајна заштита

-Работници

-Ловно-стопански објекти и  ловно-технички објекти

-Ловишта и ловци

### 3.2 Систем на класификации

-Национална класификација на дејностите - НКД Рев.2,
-Номенклатура на земјоделски производи, производи на шумарството, ловот и риболовот и услуги поврзани со нив, НЗШРУ,
-Номенклатура на територијални единици за статистика - НТЕС, 2013.

### 3.3 Опфат на сектор/и

Сектор А-Земјоделство, шумарство и рибарство, оддел 01-Растително и животионско производство, лов и услужни дејности поврзани со нив, од НКД Рев.2.

### 3.4 Статистички концепти и дефиниции

**Ловство** е одгледувањето, заштитата, ловењето и користењето на дивечот и неговите делови.

**Дивеч** се одредени видови животни и птици кои живеат слободно во природата или во оградени површини во кои интензивно се одгледуваат, размножуваат, заштитуваат и ловат.

**Ловиште** е определена површина на земјиште и води што претставува природна целина и во која постојат услови за траен опстанок, одгледување, заштита, ловење и користење на дивеч.

**Ловно-технички објекти** се објекти кои служат за одгледување, заштита и користење на дивечот и се: засолништа за дивеч, поила, калишта, хранилишта, складишта за храна, солишта, ловки, чеки, набљудувачници за дивеч, најразлични типови на огради и објекти за сместување. **Ловење дивеч** е барање, причекување, набљудување, следење, застрел и

фаќање на жив дивеч, како и собирање на јајца од пердувест дивеч, пцовисан дивеч и негови делови, опаднато роговје, кожи и крзна.

| 3.5 | **Статистичка единица** |
|---|---|

Деловни субјекти.

| 3.6 | **Статистичка популација** |
|---|---|

Деловни субјекти кои припаѓаат на секторот А (оддел 01) од НКД Рев.2. Исто така, вклучени се и деловните субјекти кои припаѓаат на другите сектори од НКД Рев.2, а се занимаваат со оваа дејност.

| 3.7 | **Референтна област** |
|---|---|

Република Северна Македонија и статистички региони.

| 3.8 | **Временска покриеност** |
|---|---|

Од 1954 година и натаму.

| 3.9 | **Базен период** |
|---|---|

Не е применливо.

| 4 | **Единица на мерење** |
|---|---|

Број и хектари(ха).

| 5 | **Референтен период** |
|---|---|

Ловна година.

| 6 | **Институционален мандат** |
|---|---|

| 6.1 | **Законски акти и други договори** |
|---|---|

НАЦИОНАЛНА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА

Закон за државна статистика („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/1997, 21/2007, 51/2011, 104/2013 , 42/2014, 192/2015, 27/16, 83/18, 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20) ) http://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx и
Програма за статистички истражувања, 2018-2022 и („Службен весник на Република Северна Македонија" 18/200 i 300/20) http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=8 .

| 6.2 | **Споделување на податоци** |
|---|---|

| 7 | **Доверливост** |
|---|---|

| 7.1 | **Доверливост - политика** |
|---|---|

1. Заштитата на индивидуалните податоци е регулирана со Законот за државна статистика https://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx .
2. Основните принципи и активности, што се преземаат за да се обезбеди доверливоста на податоците се опишани во Политиката за статистичка доверливост https://www.stat.gov.mk/pdf/PolitikaZaDoverlivost.pdf

| 7.2 | Доверливост - третирање на податоците |
|---|---|

Во согласност со член 38 од Законот за државна статистика ( https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx ) и Политиката за доверливост ( https://www.stat.gov.mk/pdf/PolitikaZaDoverlivost.pdf ),индивидуалните податоци не се објавуваат.

| 8 | Политика за објавување |
|---|---|

| 8.1 | Календар на објавување |
|---|---|

Датумот на објавување на податоците се утврдува во Календарот за објавување на Соопшгтенија, koj се ажурира квартално.

| 8.2 | Пристап до Календарот на објавување |
|---|---|

https://www.stat.gov.mk/Kalendar.aspx

| 8.3 | Кориснички пристап |
|---|---|

Сите корисници имаат истовремено ( или еднаков) пристап до статистичките податоци: ова значи дека датумите за објавување на статистичките податоци се претходно јавно објавени и никој корисник нема пристап до официјалните статистички податоци пред нивното објавување. Статистичките податоци прво се објавуваат во едицијата „Соопштенија " на ВЕБ страницата на Државниот завод за статистика во 12.00 часот.

| 9 | Фреквенција на дисеминација |
|---|---|

Годишна.

| 10 | Достапност и јасност |
|---|---|

| 10.1 | Соопштенија |
|---|---|

Не е применливо.

| 10.2 | Публикации |
|---|---|

-Статистички годишник на Северна Република Македонија,
https://www.stat.gov.mk/PrikaziPublikacija_1.aspx?rbr=816
-Северна Македонија во бројки ,
https://www.stat.gov.mk/Publikacii/MakBrojki2019mk.pdf
-Статитика на животна средина
https://www.stat.gov.mk/Publikacii/ZivotnaSredina2019.pdf

| 10.3 | Онлајн база на податоци |
|---|---|
| -МАКСтат база на податоци достапна на веб-страницата на ДЗС- Шумартсво<br><br>htthttp://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/ | |
| **10.4** | **Пристап до микроподатоци** |
| Користењето на микроподатоци за надворешни корисници е можно само за истражувачки цели и се врши во согласност со Законот за државна статистика ( член 41, член 42 и член 43). Пристапот до анонимизирани микроподатоци е дефиниран со интерна процедура на Државниот завод за статистика „Пристап до анонимизирани микроподатоци за научно-истражувачки цели". ( https://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=22 ). | |
| **10.5** | **Друго** |
| По барање на корисниците, податоците се подготвуваат и во форма согласно нивните потреби. | |
| **10.6** | **Документација за методологијата** |
| Методолошки материјал "Шумарство" 1998. | |
| **10.7** | **Документација за квалитетот** |
| Не е релевантно. | |
| **11** | **Управување со квалитет** |
| | |
| **11.1** | **Обезбедување на квалитетот** |
| Квалитетот на процесите и продуктите, во Државниот завод за статистика се обезбедува со почитување на Европскиот Кодекс за работа на европската статистика ( hthttps://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=2 и Рамката за оценка на квалитетот во рамките на Европскиот статистички систем ( ESS Quality Assusrance Framework--https://ec.europa.eu/eurostat/documents/64157/4392716/ESS-QAF-V2.0-final.pdf). Критериумите за квалитет се утврдени и во Законот за државна статистика во член 4б и член 4в ( https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx ). | |
| **11.2** | **Оценка на квалитетот** |
| Државниот завод за статистика ги реализира статистичките активности во согласност со Статистичкиот бизнис процес модел, кој се базира на меѓународниот модел - Генерички статистички бизнос процес модел (Generic Statistical Business Process Model-GSBPM) . Примената на овој модел, како и примената на меѓународните стандарди во статистичката продукција обезбедуваат високо ниво на точност и споредливост на податоците. | |
| **12** | **Релевантност** |
| | |
| **12.1** | **Потреби на корисниците** |

Домашни корисници на податоци од областа на ловството се: Владата на РМ, факултетите и научно-истражувачките институции, Федерацијата на ловците, ловните друштва, здруженијата на ловците и асоцијациите на ловците, медиумите, студентите и други физички и правни лица. Податоците за ловството се потребни за согледување на бројната состојба на дивечот, предвидениот и извршениот застрел, како и на внесениот жив дивеч без заштита, дивечот под заштита и на дивечот под трајна заштита. Врз основна на податоците за ловството се овозможува природната рамнотежа на дивечот во ловиштето, одржувањето на нормалната бројна состојба според капацитетот на ловиштето, планирање на ловно-стопанските основи, донесување мерки за унапредување, одгледување и заштита на дивечот, инвестициите и кредитите итн.

## 12.2 Задоволство на корисниците

Почнувајќи од 2009 година, Државниот завод за статистика на секои три години  спроведува Анкета за задоволство на корисниците.

## 12.3 Комплетност

Не се пресметува.

# 13 Точност и веродостојност

## 13.1 Севкупна точност

Методологијата на истражувањето и  начинот на  прибирање  на податоците обезбедуваат солиден опфат и точност на податоците.

## 13.2 Примерочни грешки

Не е применливо.

## 13.3 Непримерочни грешки

не е применливо

# 14 Навременост и точност

## 14.1 Навременост

Т+90 денови

## 14.2 Точност

Податоците се објавени во утврдените рокови во согласност со Календарот на навременост.

# 15 Кохерентност и споредливост

## 15.1 Географска споредливост

Постои географска споредливост на дисеминираните податоци на национално ниво и на ниво на региони.Споредливоста е обезбедена и на меѓународно ниво.

| 15.2 | **Временска споредливост** |
|---|---|
| Временската серија е од 1954 година и нема прекин на временската серија. Бројот на референтни периоди во временската серија од последниот прекин е 66. | |
| **15.3** | **Меѓудоменска кохерентност** |
| Податоците се кохерентни меѓу различните делови на статистиката на шумарство. Кохерентноста со другите области е делумно обезбедена. | |
| **15.4** | **Внатрешна кохерентност** |
| Внатрешната кохерентност на податоците е обезбедена. | |
| **16** | **Трошок и оптовареност** |
| Не се пресметува. | |
| **17** | **Ревизија на податоците** |
| | |
| **17.1** | **Политика за ревизија на податоците** |
| Ревизијата на податоците се прави во согласност со Политиката за ревизија на ДЗС: ( **Политиката за ревизија** ). | |
| **17.2** | **Практика за ревизија на податоците** |
| Не е применливо, не се прави ревизија на податоците. | |
| **18** | **Статистичка обработка** |
| | |
| **18.1** | **Извори на податоци** |
| Ова статистичко истражување е со целосен опфат и ги опфаќа деловните субјекти на кои ловиштата им се дадени под концесија и кои имаат обврска да стопанисуваат и да управуваат со дивечот во ловиштата и кои припаѓаат на секторот А (оддел 01 и 02) и на другите сектори од НКД Рев.2, а се занимаваат со оваа дејност. | |
| **18.2** | **Фреквенција на прибирање податоци** |
| Годишно. | |
| **18.3** | **Прибирање на податоците** |
| Податоците за ловството се прибираат со статистичкиот прашалник: Извештај за ловство (ЛОВ.11). Деловните субјекти, ги пополнуваат податоците за ловството за претходната ловна година и ги доставуваат до ДЗС, опфатени се сите субјекти кои имаат концесија за ловишта. | |
| **18.4** | **Проверка на податоците** |

| | |
|---|---|
| Проверка на податоците се врши во согласност со дефинираните критериуми за контрола. Проверка на податоците се врши пред и по внесувањето. За отстапувањата се контактираат извештајните единици. Проверка се врши и на готовите резултати пред нивното објавување.. | |
| **18.5** | **Компилирање податоци** |
| Пристигнатите податоци од деловните субјекти, по проверката и евентуалната корекција во консултација со извештајните единици, се внесуваат на електронски медиум, преку апликација со вградени онлајн-контроли. | |
| **18.6** | **Прилагодување** |
| Не е применливо. | |
| **19** | **Коментар** |
| | |
| **A.1** | **Анекси** |
| | |